# КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Правилник

**за избор и работа на државните репрезентативни селекции на Република Северна Македонија во карате спортот**
**(пречистен текст)**

**Скопје, 20 јули 2022год.**

Врз основа на член 37 став 1 алинеја 5 од Статутот на Карате федерацијата на Република Северна Македонија, Извршниот одбор, постапувајќи по доставениот материјал, по електронски пат на ден 20.07.2022 година го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗБОР И РАБОТА НА ДРЖАВНИТЕ РЕПРЕЗЕНТАТИВНИ СЕЛЕКЦИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАРАТЕ СПОРТОТ

## 1 ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредува работата на државните селекции на КФРСМ од сите возрасти и категории, директор на репрезентација, селектори и начините на изборот, финансирање, меѓусебните односи и други прашања од интерес за работа со репрезентации.

## 2. СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА РЕПРЕЗЕНТАТИВЕЦ

### Член 2

Член на државна селекција на Република Северна Македонија може да биде натпреварувач - член на Карате федерација на Република Северна Македонија, кој со постигнатите резултати, својата форма и севкупно однесување заслужува да ја претставува државата во карате спортот.

### Член 3

Врз основа на одредени критериуми, спортистите во кадетска, јуниорска, помлади сениори У21 и сениорска репрезентација се избираат како член на репрезентација во проширен список на репрезентативци но понатамошното следење на работата, статусот на репрезентативците се утврдува врз основа на анализа направена од селекторот, имајќи ги предвид следните критериуми:

- Резултати од Државно првенство, Куп на Македонија, Балканско првнство Медитеранско првенство, Европско првенство, Европски игри, Светско првенство, Светски игри, Премиер лига, Серија А и Јуниорска лига;

- Состојба на физички способности;

- Психолошки карактеристики;

- Техничко - тактички и натпреварувачки форми;

- Потенцијал, искуство, спортски дух и напредок;

- Актуелна спортска форма и нејзиниот тренд во однос на претстојниот датум на врвното натпреварување;

- Здравствени способности;

- Несоодветно однесување или неисполнување на основните репрезентативни обврски.

Составот на избраните селекции за секој меѓународен настап го верификува и одобрува со посебна одлука ИО на КФРСМ на предлог на селекторот на репрезентацијата врз основа на претходната писмена анализа на вкупните резултати .

**Член 4**

Статус на репрезентативевец на селекцијата У12 и У14 женски и машки во дисциплината кумите и ката се стекнуваат само со постигнати и освоени пласман на државно првенство.

**Член 5**

Секој член на репрезентација го задржува статусот на репрезентативец до следниот настап на репрезентацијата, а потоа или го задржува или го губи, во зависност од постигнатите резултати. Возрасните граници се дефинирани со Правилата за натпреварување на Карате федерацијата на Република Северна Македонија, односно КФБ, ЕКФ и ВКФ.

**Член 6**

Секоја репрезентација може да има: натпреварувачи, селектори, помошници тренери и директор на репрезентација. Покрај овие лица, може да се ангажираат и други стручни лица за работа со државната репрезентација со предлог на стручниот совет на селектори преку директорот на репрезентација и одобрено од Извршниот одбор на КФРСМ (лекари, псиколог, физиотерапевт, кондициони тренери или карате инструктори од странство.)

## 3. ОБВРСКИ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИТЕ

**Член 7**

Репрезентативецот мора да ја носи репрезентативната опрема за која што ќе одлучат надлежните органи на КФРСМ.

Репрезентативецот задолжително мора да патува и да се смести за време на подготовки, турнири и првенства, заедно со останатите репрезентативци во условите кои ќе ги одреди Извршниот одбор на КФРСМ.

Репрезентативецот кој нема да патува заедно со официјалната делегација и репрезентацијата на КФРСМ, нема да биде пријавен на натпреварот.

Репрезентативецот мора да покаже максимална дисциплинираност и исполнување на зададените задачи за време на тренинг, подготовки, патување и првенства.

Репрезентативецот мора да биде присутен во текот на подготовки кои ќе бидат одредени од страна на Федерацијата.

Селектор на репрезентација има право да исклучи од репрезентација или забрани за настап на репрезентативец кој не се придржува на одредените правила.

На одлука на селекторот на репрезентацијата за време на натпреварот, репрезентативецот и клубот немаат право на жалба.

Репрезентативецот кој што ќе биде исклучен од репрезентацијата или ќе му се забрани право на настап нема да биде пријавен за учество на соодветното првенство за кое се однесува забраната или исклучувањето од страна на селектор на државната репрезентација.

Репрезентативец кој смета дека му се повредени правата во смисла на одредбите од овој правилник, има право на приговор до Извршниот одбор во рок од 3 дена по завршување на соодветниот натпревар.

## 4. СЕЛЕКТОР

**Член 8**

Селекторите на репрезентацијата ги именува Извршниот одбор на КФРСМ по објавениот конкурс, на предлог на Стручна комисија составена од три члена. Стручната комисија со посебна одлука ја именува ИО, во состав директорот на репрезентација и два члена. Изборот на селектори се врши за период од четири години. Условите се утврдени со посебен правилник за избор на селектори. Извршниот одбор може да определи селектор за следните репрезентативни селекции и може да избере еден селектор за повеќе возрасни категории или за една репрезентација да избери два селектори.

## 5. СТРУКТУРА НА ДРЖАВНИ КАРАТЕ РЕПРЕЗЕНТАЦИИ

### Член 9

Државните карате репрезентации во рамките на КФРСМ се организираат на следниот начин:

- **Репрезентација за сениори / сениорки кумите;**
- **Репрезентација за сениори / сениорки кати;**
- **Репрезентација за У 21 мажи / жени кумите;**
- **Репрезентација за У 21 мажи / жени ката;**
- **Репрезентација за јуниори /јуниорки во кумите;**
- **Репрезентација за кадети /кадетки и јуниори /јуниорки во ката;**
- **Репрезентација за кадети /кадетки во кумите;**
- **Репрезентација У 14 кумите;**
- **Репрезентација У 14 ката;**
- **Репрезентација У 12 кумите;**
- **Репрезентација У 12 ката.**

### Член 10

Селекторот е должен веднаш по изборот да направи програма за работа со репрезентацијата за наредниот четиригодишен период (олимписки циклус) во соработка со директорот и да го достави до Извршниот одборот на усвојување. Програмата за работа со репрезентацијата особено го предвидува календарот на активности, начинот на работа и следење на репрезентативците во соработка со клубските тренери во матичните клубови, времето и програмата за работа на подготовките и други активности поврзани со работата на репрезентативците. Календарот на активности на репрезентацијата мора да биде усогласен со календарот на активности на КФРСМ, КФБ, ЕКФ и ВКФ. Во исклучителни случаи, по претходна согласност на Извршниот одбор, усвоениот календар на активности може да се промени.

### Член 11

Селекторот е должен директно да раководи со подготовките и настапот на репрезентацијата. Во рамките на своите должности, селекторот е должен особено да:

- направи програма за работа за четиригодишен период, олимписки циклус и план за работа за следната натпреварувачка година;

- самостојно избира натпреварувачи за репрезентацијата во поширокиот и потесниот состав, на основа на резултати, увид во формата на натпреварувачот и други критериуми.

- доколку има потреба, во соработка со тренери од матичните клубови, за избраните натпреварувачи/натпреварувачки подготвуваат посебна програма за работа со цел да ја подобрат формата и елиминирање на воочените недостатоци кај поединците;

- ја следи работата и резултатите на репрезентативците во текот на годината, и врши корекции на програмата на нивната работа во соработка со клубските тренери;

- врз основа на постигнатите резултати, прикажаната форма и други услови, ги избира репрезентативците за натпреварот дефиниран со овој правилник;

- подготвува детални програми за работа на репрезентативците за подготовки;

- го води тренингот на репрезентативците за време на подготовките и може да го овласти помошникот тренер да го води тренажниот процес.

- соработува со директорот на репрезентацијата и клубските тренери во спроведувањето на одобрената програма за работа на репрезентациите;

- му предлага на ИО на КФРСМ во соработка со директорот на репрезентацијата за ангажман на други стручни лица за работа со репрезентативците;

- селекторот е должен по секој собир на репрезентацијата (подготовка или натпревари) да достави извештај до Извршниот одбор за работата и постигнатите резултати најдоцна во рок од седум дена;

- селекторот на репрезентацијата за својата работа одговара пред Извршниот одбор на Карате федерација на Република Северна Македонија.

## 6. ДИРЕКТОР НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

**Член 12**

По предлог на претседателот на КФРСМ од редовите на Извршниот одбор со посебна одлука се именува директор на репрезентација.

- директорот на репрезентација непосредно раководи со организационите работи на репрезентацијата, во таа смисла особено го врши следново:

- директорот на репрезентација е кординатор на стручниот совет на селекторите;

- му предлага на Извршниот одбор усогласена програма со селекторите за работа за сите селекции и е одговорен за нивно оперативно спроведување;

- ја анализира работата заедно со селекторите на сите репрезентативни селекции;

- се ангажира за реализација на календарот на настапи на репрезентативни селекции на домашни и меѓународни натпревари;

- помага во спроведувањето на зацртаната програма од страна на селекторите за сите репрезентативни селекции;

- ги разгледува сите прашања од значење од страна на селекторите на сите репрезентативните селекции и предлага соодветни мерки и активности;

- го предлага местото на подготовките во договор со селектор;

- во соработка со селекторот му предлага на ИО за ангажирање на други стручни лица кои ќе помогнат во работата со репрезентацијата;

- врши и други работи во врска со репрезентацијата, согласно актите на Федерацијата и задачите што му се даваат со претходни одлуки на ИО на КФРСМ.

**Член 13**

Директорот на репрезентацијата за својата работа одговара пред Извршниот одбор на КФРСМ .

**Член 14**

Селекторите на репрезентацијата може да бидат разрешени пред истекот на мандатот за кој се именувани, на нивно барање или поради смена, на барање на претседателот на федерацијата или Извршниот одбор.

Директорот на репрезентацијата може да биде разрешен на барање на претседателот на Федерацијата или Извршниот одбор

Покрај поднесувањето на барањето за разрешување, селекторот, односно директорот на репрезентацијата е должен да достави извештај за својата работа до моментот на поднесување на барањето.

Селекторот, односно директорот на репрезентацијата мора да биде присутен на седницата на Извршниот одбор на која се разгледува предлогот за нивно разрешување. Оправданоста на причините за разрешување ја отценува Извршниот одбор кој ја носи конечната одлука.

**Член 15**

По поднесувањето на барањето за разрешување (оставка), селекторот, односно директорот на репрезентацијата се должни да ги извршуваат овие функции најмногу уште три месеци, во кој период мора да се спроведе постапката за именување на нови лица. Во исклучителни случаи, Извршниот одбор на федерацијата може да одлучи да го прифати барањето за разрешување без обврска за вршење на таа должност, во тој случај веднаш се именува в.д.

**Член 16**

Разрешениот селектор, односно директорот на репрезентацијата не може да биде повторно именуван на таа функција најмалку четири години од денот на разрешувањето.

## 7. ИНФОРМАЦИИ

**Член 17**

Поканите за репрезентативни активности се доставуваат исклучиво до клубот преку канцеларијата на карате федерација. Рокот за доставување информации до клубовите и репрезентативните кандидати е најмалку 7 дена пред планираната активност. Во исклучок поради виша сила, а само во одредени случаи, информации може да се дадат најмалку 3 дена пред ктивноста.

## 8. ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 18**

Поканите, извештаите, анализите и другите официјални информации од значење за КФРСМ се доставуваат во пропишаната форма на стандардизирана документација одобрена од Извршниот одбор на КФРСМ.

**Член 19**

Извештаите, анализите и другите официјални информации релевантни за КФРСМ се доставуваат до канцеларија на КФРСМ во писмена форма, најдоцна 15 дена по завршувањето на активноста.

**Член 20**

Извештаите, анализите и другите официјални информации релевантни за КФРСМ може да се доставуваат и електронски на однапред дефиниран начин.

**Член 21**

Стручната служба на КФРСМ води евиденција и ја формира потребната база на податоци за натпреварувачи, селектори, судии, лекари.

## 9. ФИНАНСИСКИ ОДРЕДБИ

**Член 22**

Финансирањето на репрезентацијата ќе се врши согласно остварените натпреварувачките резултати и финансиската состојба во КФРСМ .

**Член 23**

На натпреварувачот кој се натпреварува за поединечна и екипна кадетска, јуниорска, У21 и сениорска репрезентација во борби и кати, а согласно критериумите од член 3 на овој правилник, трошоците за подготовка и учество на натпревари ќе зависи од финансиската состојба во КФРСМ.

**Член 24**

За натпреварувачите кои на последното Европско и Светско првенство освоиле медал во кадетска, јуниорска, У21 и сениорска конкуренција, КФРСМ ги надоместува трошоците за учество на првенството.

**Член 25**

Во наредната година, за натпреварувачите кои имаат право на постигнати резултати, КФРСМ ги сноси трошоците за официјалните подготовки и учество на следните првенства во текот на годината. Доколку не го потврди резултатот од член 24 на овој правилник, во таа година натпреварувачот го губи стекнатото право на финансирање.

**Член 26**

Извршниот одбор на КФРСМ со својата одлука може да награди натпреварувачи и други лица кои се заслужни за постигнати врвени резултати.

**Член 27**

Кога на Светско или Европско првенствио е постигнат врвен резултат, КФРСМ доставува предлог до АМС за наградување на:

- Натпреварувачите;
- селектори на државната репрезентација и
- клубските тренери.

**Член 28**

Одлука за награда, надомест за стручната работа и исплата на дневници на директорот на репрезентацијата, селектори на државна репрезентација и други официјални лица донесува Извршниот одбор на КФРСМ.

**Член 30**

Репрезентативецот кој го нарушува угледот на КФРСМ со недолично и неспортско однесување, со неодговарање на подготовката или со неизвршување на репрезентативните обврски предвидени од КФРСМ, може да го изгуби правото на финансирање и да биде одговорен според дисциплинските правила или други одредби од КФРСМ.

**Член 31**

Извршниот одбор на Карате федерацијата може со посебни одлуки поцелосно да уреди некои од прашањата уредени со овој правилник. За се што не е определено со овој Правилник важат нормативни акти на Карате федерацијата или се дефинира со одлуки на Извршниот одбор.

## 10. СЛУЖБЕНА ОПРЕМА

**Член 32**

Сите репрезентативни селекции на официјалните подготовки и натпревари мора да настапат во пропишаната спортска опрема. За секој натпреварувачки циклус, Извршниот одбор на КФРСМ одредува и дефинира опрема за натпреварувачите, селекторите и службените лица на КФРСМ. Извршниот Одборот на КФРСМ го дефинира и пропишува амблемот и грбот на КФРСМ со кои настапуваат натпреварувачите, селекторите и официјалните лица.

## 11. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 33**

Сите претставници на КФРСМ во сите официјални дејствија мора целосно да ги почитуваат принципите на ВКФ, ЕКФ, КФБ и КФРСМ. Во случај на непочитување на пропишаните норми, секој поединец ќе сноси дисциплинска одговорност согласно нормативните акти на КФРСМ.

**Член 34**

Толкување на одредбите на овој правилник дава Извршниот одбор на Карате федерација на Република Северна Македонија.

**Член 35**

Измени и дополнување на овој Правилник се врши на начин и постапка како за негово донесување.

**Член 36**

Со усвојување на овој Правилник престанува да важи и да се применува Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни слекциин на Република Македонија (пречистен текст) од 07.03.2022 година.

**Член 37**

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

**Претседател на КФРСМ**
Петар Белистојаноски